ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА / БРОЈ 1

# БИЗНИС ИНФОРМАТОР

30 јуни 2023 г.

(+389) 031/375-035
www.krivapalanka.gov.mk

## ТЕКОВНА СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

### КРИВА ПАЛАНКА НА ДЛАНКА

Со цел унапредување на промоцијата на туристички и угостителски капацитети во општина Крива Паланка преку примена на ИТ алатки за промоција "Визуелен 360° туристички водич", како форма на поддршка на општината на угостителскиот сектор и сопствениците на сместувачки капацитети на локално ниво, Општина Крива Паланка објави јавен повик за изразување на интерес за вклучување на локалните угостителски и сместувачки објекти во Проектот „Македонија на дланка – Визуелен 360° туристичко-географски водич низ Македонија", т.е. 360° визуелно претставување на локации низ Општината на интернет сајтот „www.macedoniafromabove.mk".

На јавниот повик околу 10 локални угостители изразија интерес за вклучување во проектот кои покрај најзначајните сакрални, културни и историски локалитети ќе се промовираат во регионот и пошироко.

Во рамки на проектот е предвидено:
-Изработка на 360° панорами од воздух и од земја и нивно поврзување во визуелна прошетка, со додавање на информативни текстови на македонски и англиски јазик, како и дополнителни фотографии и видеа од угостителски и сместувачки објекти во Општина Крива Паланка.
-Промотивна кампања за промоција на Општина Крива Паланка низ Р.С.Македонија, Балканот и Светот, на социјалните мрежи, претставување на саеми за туризам, како и на други медиуми/настани.
-Промоција на настаните кои ги организира Општината, и споделување на објави на Општината на социјалните мрежи, кои се однесуваат на туристички и културно-историски цели.

## АКТУЕЛНО

### ОБЈАВЕН ПОВИК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ОБУКА ЗА ЖЕНИ И МЛАДИ ПЧЕЛАРИ ОД ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Владата на Република Словенија преку Министерството за Надворешни и Европски работи и амбасадата во РСМ го финансираат 3 годишниот проект за развојот на пчеларството во Североисточниот Плански Регион и Вардарскиот регион. Отворениот повик се однесува за мотивирани и заинтересирани луѓе со акцент на вклученост на жени и млади кои кои имаат интерес сериозно да отпочнат свој бизнис за одгледување на пчели, производство на мед и производи од мед во рурални места во Општината Крива Паланка.

Почетници кои ќе бидат избрани ќе добијат врвна обука од најдобрите стручњаци од РСМакедонија и Р.Словенија, а после завршената обука ќе добијат се што им е потребно да го започнат својот бизнис.
На повикот можат да се пријават и напредни пчелари кои сакаат да го унапредат своето работење и да го подигнат на највисоко ниво во делот на органско пчеларство.

### ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ПРОДАЖЕН ШТАНД НА ПРЕТХОДНО УТВРДЕНИ ЛОКАЦИИ И ПОСТАВЕНИ МОНТАЖНО – ДЕМОНТАЖНИ ОБЈЕКТИ

Општина Крива Паланка ги известува сите правни и физички лица кои се заинтересирани за изнајмување на продажен штанд на претходно утврдени локации и поставени монтажно – демонтажни објекти, поставени од страна на Општина Крива Паланка на две локации и тоа:

во центарот на градот (Градски Плоштад) на локација II, под број 43-1 до 43-7 и 44-1 до 44-7,
и „Спортски комплекс" локација VII, под број 1-25 (од 1 до 18 за сувенири, ракотворби и детски играчки, од 19 до 25 угостителство-храна, кафе и пијалоци) , за временски периодот од 24.08.2023 година до 30.08.2023 година, дека можат да поднесат Барање до Општината за одобрување на некоја од дефинираните локации во период од 10.08.2023 година до 18.08.2023 година.

Сите заинтересирани баратели, потребно е да поднесат Барање до Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Крива Паланка, по што ќе биде одреден временскиот период на изнајмување на штандот, по претходно платена административна такса за поднесување на барањето, како и утврдена и платена комунална такса за користење на јавни површини и надоместок за закуп на јавен простор/објект.

Поставените монтажно – демонтажни објекти, кои ќе бидат изнајмени од страна на правни и физички лица, ќе имаат можност да бидат со работно време од 10:00 до 22:00 часот, секој ден, во временскиот период од 24.08.2023 година до 30.08.2023 година.

# ШТО Е СЛЕДНО ?

### ВО НАЈАВА Е ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАЦРТ ВЕРЗИЈА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2024-2027

Во рамки на проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурси, општина Крива Паланка беше вклучена во циклус на обуки за развој на стратешки документ, План за ЛЕР согласно високи стандарди за анализа и обработка на релевантни податоци и менторска поддршка од врвни експерти во областа.

Нацрт верзијата ќе биде дадена на јавни консултации пред усвојување од страна на Советот на општината се со цел донесување на реален, остварлив и развоен документ.

Задолжително нацрт верзијата на Планот за ЛЕР 2024-2027 ќе биде презентирана пред членовите на Локалниот економски совет на општина Крива Паланка, и одобрена од истите.

**Седница на општинскиот локално економски социјален совет**

Локалниот економски совет на општина Крива Паланка, денеска, оддржа работен состанок, на кој главна тема беше усвојување на Деловникот за работа, како и детално запознавање на присутните членови на Локалниот економски совет со тековните и планираните активности и проекти во општината.

На состанокот присуствуваа членовите на Локалниот економски совет, претставници на општинската администрација, а со состанокот заседаваше градоначалникот Сашко Митовски.

Градоначалникот Митовски на овој состанок, пред присутните изнесе детална анализа на состојбата во општината од аспект на креирањето услови за сеопфатен економски развој на локалната заедница.

Особено беа потенцирани придобивките од донесувањето на престојниот нов ГУП за периодот 2019-2029 година, кои ќе имаат директен импакт во економскиот развој на локалната заедница.

Беа презентирани и кокретни мерки и иницијативи што општината ги превзема во насока на подобрување и унапредување на условите за реализација на планираните и тековни градежни активности, урбанистичкото проектирање, а беа споделени и корисни информации за изработената проектна документација, која е основ за реализација на планираните градежни и инфраструктурни зафати во Општина Крива Паланка.

# Формулар за коментари, предлози и прашања за бизнис сектор

Со цел за олеснување и интензивирање на комуникацијата помеѓу локалната бизнис заедница и општина Крива Паланка, на веб страната на општината ( линк) објавен е Формулар за коментари, предлози и прашања за бизнис секторот.

За таа цел, се повикуваат и охрабруваат сите сопственици на бизниси на ниво на општина Крива Паланка, заинтересирани граѓани за отпочнување на бизнис како и сите потенцијални домашни и странски инвеститори да ги упатат своите коментари, прашања и предлози до општината со цел заедно да изградиме подобра бизнис клима во општина Крива Паланка.

Пополнетиот формулар можете да го доставите во архивата на општина Крива Паланка, по пошта ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ул. Св.Јоаким Осоговски бр.175, 1330 Крива Паланка или преку електронска пошта opkp@krivapalanka.gov.mk и да креираме емаил за комуникација со бизнис business.kp@krivapalanka.gov.mk

# КЛУЧЕН НАСТАН ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

### ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ИПАРД 3 ПРОГРАМАТА, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТЕЛОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПНАТСВО

Во рамки на кампањата за доближување на можностите за користење на средствата од ИПАРД 3 програмата, општина Крива Паланка организирање информативен настан на кој пред присутните претставници од локалната бизнис заедница беа претставени можностите за аплицирање и искористување на средствата од горенаведената програма.

На информативниот настан свое обраќање имаа градоначалникот на општина Крива Паланка Сашко Митовски и министерот за Земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски кои дополнително ги охрабрија присутните да аплицираат на повикот и да бидат корисници на средствата на програмата.

Пред присутните беше презентирана новата ИПАРД 3 програма, која е различна од ИПАРД 2 по неколку основи. Покрај 4-те веќе акредитирани мерки од ИПАРД 2, сега ќе се акредитираат дополнителни 4 мерки, и тоа:

-Мерка1 -Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства (инвестиции во изградба на фарми, набавка на трактори и земјоделска механизација, инвестиции во преработка на сопствено земјоделско производство, подигање на нови насади и сл.);
-Мерка 3 :Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски производи( изградба на преработувачки капацитети – млекари, кланицчни капацитети, мелнички капацитети, производство на месни производи, винарии, преработка на овошје и зеленчук – опремување со машини и опрема на истите и слично);
-Мерка 7:Диверзификација на фарми и развој на бизниси во рурални средини ( поддршка на сите производни капацитети од сите дејности кои се лоцирани во рурални средини).

А како што беше речено, најголемата новост е тоа што со ИПАРД 3 се овозможува авансна исплата до 50% од висината на финансиската поддршка, веднаш по потпишување на договорот, што ќе биде големо олеснување за побрза раелизација на сите инвестиции и голема финансиска помош за полесен старт на проектите.

**СО ПОДДРШКА НА ЕУ ЌЕ СЕ РАЗВИВА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, ОТПОЧНУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ „ЗЕМЈА НА ЛЕГЕНДИТЕ„**

Општина Крива Паланка започна со реализацијата на проектот со наслов „ Земја на легендите“ во партнерство со Град Лесковац од Р.Србија.

Ова е втор проект кој што општина Крива Паланка го реализира како плод на успешната соработка со Град Лесковац кој што всушност како идеа произлегува од претходно реализираниот проект „Да ги поврземе бисерите“ и обата финансирани од Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија 2016-2020 година преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), распределби 2018, 2019 и 2020 година, Специфична цел 2.1 Мобилизирање на културните и природните ресурси за заеднички развој на одржливи туристички производи и дестинации.

Проектот е во вкупна вредност од околу 200 000 евра од кои околу половина ќе бидат искористени за реализација на активности во Крива Паланка.

Во делот на инвестициски активности се предвидени градежни работи во т.н. културно- историски локалитет Градец односно на локацијата кај училиштето во с.Градец каде што е предвидено партерно уредување, поставување урбана опрема, детско игралиште и објекти тремови достапни за лицата со попреченост.

Што се однесува за неинвестициските активности предвидена е изработка на рекламни матријали, промотивни настани и низа на средби и состаноци помеѓу претставници на засегнати страни од областа на туризмот во прекуграничниот регион или поконкретно ставање во функција на развој на туризмот на богатото културно наследство и народно творештво во смисла на легенди митови и преданија.

Со реализацијата на проектот се очекува да се подобрени квалитетот и видливоста на туристичките понуди во прекуграничниот регион.

# УСПЕШНА ПРИКАЗНА ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

На иницијатива на локалниот бизнис сектор а со подржка на општина Крива Паланка во напредна фаза е донесувањето на предлог детален урбанистички план за блок 13-В во општината Крива Паланка кој што меѓу другото предвидува и парцели со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија. Постапката е во фаза на одобрување пред надлежни органи и се очекува да помине без подолги одлагања. Со донесувањето на овој детален урбанистички план како плод на успешната соработка на бизнис секторот и локалната самоуправа се очекува да се придонесе кон подобрување на условите за развој на локалната економија во општина Крива Паланка.

**СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА**

Во Општина Крива Паланка на 2 февруари реалчизираше работна средба со тема „Учи паметно работи стручно“.

Работната средба е во организација на Општина Крива Паланка, а присувствуваа, Градоначалникот Сашко Митовски, претставници на бизнис секторот, директорите на двете основни учиштата и средното општинско училиште, како и стручните сужби од општината.

Средбата се организира во рамки на воспоставениот дуален модел на стручно образование на локално ниво со цел негово унапредување.

На денешната средба се водеше конструктивен социјален дијалог за да се идентификуваат реалните потреби од сручни кадри на бизнис сектор од една страна, како и дефинирање на наставните планови и програми, уписните политики и условите за престојниот конкурс за упис во средните улишта и потребата од отварање на нови профили или паралелки во СОУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2023/24 година, од другата страна.

Во рамки на средбата беше констатирано дека искуството од воведувањето на дуалниот модел на стручно образование и учење низ пракса во СОУ „Ѓорче Петров“, се покажа како најефикасен начин за учење и стекнување со квалитетни знаења, во одредена стручна област.

Воспоставениот дијалог меѓу компаниите и училиштата отпочна со кампањата на Министерството за образование и наука „Учи паметно-работи стручно“ и продолжува веќе трета година по ред и во нашата општина. Досегашното одлично искуство кај нас се базира на примерот на вкупно 5 дуални паралелки: „Машинска струка и електротехничка“ – двете во соработка со ДЕМА-СТИЛ ДОО Кр иваПаланка и АД Пролетер за автомеханичар, потоа „Угостителско –

туристичка струка“ во соработка со ПАРК ГИНОВЦИ ДООЕЛ, “Здравствена струка-медицинска сестра“, во соработка со Медицински центар Крива Паланка и „Градежно – геодетска струка“ во соработка со ЈП „Комуналец“ Крива Паланка и „Хантерс“ ДООЕЛ Скопје.

# ОБРАСЦИ НА УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС СЕКТОРОТ

На веб страната на општина Крива Паланка е достапен регистарот на услуги https://www.krivapalanka.gov.mk/registar-na-uslugi

На листата се наоѓаат преку 30 услуги која што општината ги испорачува кон граѓаните и бизнис секторот во општина Крива Паланка.

Обрасците исто така се достапни и во архивата на општина Крива Паланка.

# ШТО ПЛАНИРАМЕ СЛЕДНО?

## СЕ ВОВЕДУВА НАГРАДА ЗА НАЈУСПЕШЕН ЗЕМЈОДЕЛЕЦ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023 ГОДИНА

Годинава за првпат општината ќе објави конкурс за избор на најуспешен земјоделец за тековната година. Конкурсот ќе биде објавен по навршување на производната година во есенскиот период.
Целта на оваа иницијатива е да се валоризира трудот на земјоделците и да се промовира агро бизнисот како една од клучните економски дејности.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ИСО 9001:9015 СТАНДАРДОТ - II фаза

Со воведувањето на стандардот ISO 9001:2015 општината покажува дека нуди услуги со постојан квалитет и услугите се ориентирани кон граѓаните/ките во законска рамка, како и дека општината го зголемува позитивното искуство на граѓаните при извршување на надлежностите на општината и ќе се зголеми функционалноста на општинската администрација.

## КРЕИРАЊЕ НА НОВИ ЈАВНО-ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА

Општина Крива паланка презема активности за идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за ЈПП. Преку моделот на ЈПП можат да се реализираат значајни капитални проекти, да се подобруваат јавните услуги и истите да генерираат одржлив развој на локалната заедница кој ќе има позитивно влијание и на жените и на мажите во општината.

## КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И НИВОТО НА ИНФОРМИРАНОСТ НА ЛОКАЛНАТА БИЗНИС ЗАЕДНИЦА ЗА ПРИСТАП ДО КАПИТАЛ

Активноста е планирана да се реализира преку континуирано обезбедување на информации, организирање на состаноци со бизнис секторот, стопанските комори со цел подобра информираност на локалните бизнис-луѓе за пристап до капитал и можностите за нови вложувања во локалната економија.

Се планира организирање на т.н. „ Саем за пари ?“ каде што банките и сите други субјекти и институции кои што имаат кредитни линии или други облици на обезбедување на финансиски средства за бизнис секторот ќе можат да ја претстават својата понуда пред локалниот бизнис сектор и сите други заинтересирани се со цел подигање на нивото на информираност и поттикнување на локалниот економски развој.

## ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ЗАНАЕТИ

Занаетите претставуваат значаен дел од локалната економија не само од аспект на економската активност и можноста за самовработување туку и од аспект на потребата од услугите кои занаетчиите ги испорачуваат кон граѓаните/ките кои што се неопходни за нормално функционирање на една локална заедница. Согласно Програмата за ЛЕР се предвидува активности за поддршка на занаетите преку организирање на состаноци, консултации и дискусии за предизвиците со кои се соочуваат занаетчиите и донесување народово-сензитивни мерки за поддршка.

# ЗА ПРВ ПАТ ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА ВО КРИВА ПАЛАНКА

Општина Крива Паланка има чест и задоволство да Ве извести дека на 29.08.2023г. ќе организира ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА Крива Паланка со почеток во 14г на локација на Градското фудбалско игралиште во спортскиот комплекс.
Фестивалот на храна е проект на Општина Крива Паланка, во соработка,коорганизација и кофинансирање од страна на МЗШВ.
По тој повод би сакале да ве Поканиме да Вие со Ваши продукти и услуги се претставите на самиот фестивал. За потребите на излагачите се обезбедени маси, кои ќе бидат сместени во тенди и пагоди на самата локација. Фестивалот е од отворен карактер за сите производители на храна од државата и ќе биде проследен со соодветна културно-уметничка програма.
Фестивалот ќе се одржи на 29.08.2023 - патрон празник на светецот Свети Јоаким Осоговски - заштитникот на градот Крива Паланка, поради што се очекува огромен број на гости од регионот и државата, но и наши локални иселеници кои се на привремена работа во Западноевропските земји.
Поставувањето на тезгите ќе започне од утринските часови.
Ве молиме да го потврдите Вашето учество на настанот, со цел навремено обезбедување на тезга/маса и локација за вашите продукти.
Ве очекуваме,

Контакт лице
Валентина Ангеловска
Советник за рурален развој и регионална соработка
071 795 080
valentina.angelovska@krivapalanka.gov.mk

# ПОКАНА ОД ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РСМ ЗА ИНФОРМАТИВНИ СРЕДБИ СО ГАРЃАНИТЕ

ЈП ЖРСМ Инфраструктура има намера да ја прошири железничката инфраструктура и да го комплетира источниот дел на Коридорот VIII кон границата со Република Бугарија, бидејќи овој коридор се смета за еден од главните транспортни правци во државата и игра значајна улога во економскиот и социјалниот развој на регионот, пред сè поради потенцијалот за превоз на повеќе производи и луѓе.

Во 2012 година, беше изработена Оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖССА) за целата Источна делница на Железничкиот коридор VIII, а во 2017 година беше изработена нова ОВЖССА само за Делницата 3. Во 2023 година, важечката ОВЖССА беше надополнета со нови документи кои се во согласност со добрата меѓународна пракса и истите се достапни на следниот линк: www.mzi.mk/proekti-koridor-8-faza-3/

Проектната област (Делница 3) се наоѓа на територијата на општина Крива Паланка и започнува пред градот Крива Паланка (на km 64 + 942,01) и се протега до границата со Република Бугарија (на km 88 + 364,65). Проектната област ги опфаќа следните населби: Т'лминци, Градец, Крива Паланка, Лозаново, Дрење, Пашина воденица, Киселица, Жидилово, Кркља, Костур и Узем.

Во насока на правилно информирање и спроведување на процесот на консултации со јавноста за овој проект, ЈП ЖРСМ Инфраструктура планира да реализира серија на јавни средби со заинтересираните лица од проектната област (презентација на проектот). По тој повод ве покануваме да учествувате на средбите/презентациите за овој проект што ќе бидат реализирани со претставници на ЈП ЖРСМ Инфраструктура, според следниот распоред:

21.08.2023г. (14-18ч.) – простории на ЈП ЖРСМ Инфраструктура, Скопје

22.08.2023г. (14-18ч.) – простории на Општина Крива Паланка

23.08.2023г. (12-16ч.) – Т'лминци

24.08.2023г. (12-16ч.) – Жидилово

25.08.2023г. (12-16ч.) – Узем

Проектот се очекува да биде финансиски поддржан со средства од Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициска банка.